Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија
ЕТИКА ПРЕС Скопје
Бр. 326/0306
29.08.2018 год.
Скопје

29.08.2018

Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на седницата одржана на 27 август 2018 година, врз основа на примена жалба од Стојан Трпчевски, ја донесе следната:

# ОДЛУКА

**Интернет порталот „Лидер“, со текстот насловен „Власта врши невиден притисок врз МРТ – Јавниот сервис треба да биде сервилен за промена на името“, го прекрши Кодексот на новинарите во членот 1.**

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

## ЖАЛБА

До извршната канцеларија на Советот за етика во медиумите на Македонија, на 21 август 2018 година, уредникот на Информативната програма на МТВ, Стојан Трпчевски, поднесе жалба за текстот со наслов „Власта врши невиден притисок врз МРТ – Јавниот сервис треба да биде сервилен за промена на името“, објавен на 3 август 2018 година, на интернет порталот „Лидер“ (www.lider.com.mk).

Во жалбата се наведува дека текстот содржи неточно и нефер известување, нарушување на приватноста, пристрасност во информирањето, незастапена втора страна и клевета.

Подносителот на жалбата, Стојан Трпчевски, реагира дека во текстот на „Лидер“ се изнесени инсинуации и манипулации, поврзани со неговото име, кои не соодветствуваат со реалноста. Тој смета оти се целосно неточни наводите на медиумот дека неговите лични релации со луѓе наведени во текстот влијаеле врз функционирањето на информативната програма на МТВ.

*„Воедно, повикав да ја објават и методологијата врз основа на која што го правеле мерењето за застапеноста на политичките партии во информативната програма. Побарав и јавно извинување и повлекување на изнесените невистини, согласно членовите 13 и 14 од Законот за граѓанска одговорност за навреда и клевета“*, се посочува во поднесената претставка.

Трпчевски, меѓу другото, наведува дека испратил и реакција до „Лидер“, но оти интернет порталот не ја објавил.

## ОДГОВОР НА МЕДИУМОТ

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со членот 14 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби, по приемот и разгледување на жалбата, стапи во контакт со интернет порталот „Лидер“ и побара уредничкиот колегиум да се изјасни по однос на наводите на жалбата. Од „Лидер“ одговорија, но наместо на наводите на жалителот, тие се осврнаа на тоа дека не сакаат да соработуваат со Советот за етика и дека оваа организација не може да ја оценува нивната работа.

*„Токму затоа не гледаме никаква причина да ви одговориме ниту Вас, ниту на господинот Стојан Трпчевски, кој поднел една жалба со апсурдни тврдења за нашиот текст“*, се наведува во одговорот на интернет порталот „Лидер“.

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

## ОДЛУКА НА КОМИСИЈАТА ЗА ЖАЛБИ

Комисијата за жалби утврди дека жалбата во однос на содржината е **ОСНОВАНА** и дека Кодексот на новинарите на Македонија е прекршен во членот 1:

***Член 1:*** *„Новинарот има право на слободен пристап до сите извори на информирање што се од јавен интерес. Новинарот треба да објавува точни, проверени информации и нема да прикрива суштински податоци и да фалсификува документи. До колку информацијата не може да се потврди, или станува збор за претпоставка, односно шпекулација, тоа треба да се каже и да се објави. Точноста на информацијата треба да се провери колку што е тоа можно“.*

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ОДЛУКАТА

На седницата на 27 август, Комисијата за жалби ги разгледа наводите на жалителот и изврши увид во спорната содржина. Најпрво, заклучи дека не може и нема право да ги утврдува фактите наведени во неа. Нејзина надлежност е единствено да ги утврдува етичките и професионалните стандарди во новинарскиот производ.

Членовите на Комисијата, најнапред, утврдија дека текстот на „Лидер“ произлегува од јавниот интерес и дека работата на јавниот радиодифузен сервис претставува легитимна новинарска цел и не смее да биде изземена од теми за кои јавноста има право да биде информирана. Сепак, Комисијата се согласи дека авторот, кој не е потпишан под текстот, освен анонимните извори на кои се повикува, имал обврска да побара и „втора страна“ од лицата, кои ги споменува со име и презиме.

Оттука, Комисијата најде дека авторот отстапил од основното новинарско правило да побара став од сите засегнат страни и со тоа го прекршил членот 1 од Кодексот на новинарите, во кој, посебно се издвојуваат следните реченици:

***„Одговорниот уредник на МРТ, Стојан Трпчевски, важи за близок пријател на владиниот портпарол Миле Бошњаковски со кој заедно членуваат во бендот “The Reporters”, во друштво со нив, се и Борјан Јовановски (добитник на грант 90.000 евра од Агенцијата за филм), Драган Антоновски (директор на МИА) и Петрит Сарачини (советник во Владата)“.***

***„Поврзаноста на Трпчевски со овие владини функционери го потврдуваат и бројките од мерењето на застапеноста на политичките партии“.***

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

Согласно членот 1 од Кодексот, новинарот треба да обезбеди „втора страна", односно да им даде можност на сите засегнати страни од новинарскиот производ да го кажат својот став. Ова особено во случаи кога новинарот изнесува сомневања или обвинувања или кога некој е предмет на напад и критика.

* * *

Во согласност со наведеното, Комисијата одлучи како во диспозитивот.

Во работата на Комисијата учествуваа членовите Мирче Адамчевски, Мери Јордановска, Ердем Ахмет и Теофил Блажевски.

**Се обврзува интернет порталот „Лидер" (www.lider.com.mk), во согласност со членот 18 од Деловникот за работа на Комисијата за жалби, да ја објави оваа одлука.**

Со почит,

Совет за етика во медиумите на Македонија

Претседател на Комисијата за жалби
Мирче Адамчевски

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595